# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 16, година L
Среда, 25.09.2019
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 25.09.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-879/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
25.09.2019 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“, бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“,бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола бр.10/05, 17/08 и 08/19) Советот на Општината Битола, на седница одржана на 25.09.2019 година, донесе:

### О Д Л У К А
### за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар поднесен од Градоначалникот на Општина Битола број 08-870/2 од 24.09.2019 година, за вршење на определени работи од надлежност организирање и вршење на превоз на ученици од населените места до Демир Хисар и обратно од Демир Хисар до населените места во Општината за првата смена претпладне и превоз на ученици од населените места до Демир Хисар од втората смена попладне, според утврден возен ред од страна на двете Општини.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, проценета за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка, се доставува до општината Демир Хисар, заради усвојување.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-131/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2019 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. Го објавувам Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 25.09.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-879/2
25.09.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на општина Битола на седницата одржана на ден 25.09.2019 година донесе

## РЕШЕНИЕ
## за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар од Општина Битола се именуваат:

Кире Ѓоргиевски – дипл. правник
Владимир Прчков – дипл. сообраќаен инжинер

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-131/4
25.09.2019 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар ........................................................................ 1

РЕШЕНИЕ за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар........................... 2

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211